# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО (5.02.00.08) НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2102-103/4 од 14.7.2026 година донесена на 352. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 14.7.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област туризам и угостителство (5.02.00.08) на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ на 2.7.2026 година и во предвидениот рок се пријави: д-р Оливер Филипоски, вонреден професор.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот д-р Оливер Филипоски е роден на 28.12.1980 година во Гостивар. Средното гимназиско училиште „Панче Попоски” го завршува во Гостивар со континуиран одличен успех. Дипломира во 2004 година на тема „Осигурување на културното наследство” под менторство на проф. д-р Сашо Коруновски и се стекнува со звање дипломиран менаџер по осигурување на Факултетот за туризам и угостителство при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ со просечна оценка на студирање 8,0. Во учебната 2004/2005 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, на насоката осигурување. Во 2008 година, со просечна оценка на студирањето од 9,88 ја одбранува магистерската теза со наслов „Супервизорска контрола во осигурителни друштва и банки” и се стекнува со академски степен магистер на науки од областа на осигурителни науки. Кандидатот од август 2011 година е докторанд на Економскиот институт на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и во јануари 2017 година ја одбранил докторската дисертација со наслов „Меѓународните стандарди и нивната улога во развојот на услужниот сектор“.

Во текот на постдипломските студии кандидатот дал посебен придонес во содржинска подготовка на книгата „Методологија на научното истражување“, како и во подготовка на интерните скрипти за предавање и вежби по предметите Методологија на научно истражување и Осигурување за потребите на Факултетот за туризам и угостителство-Охрид.

Во академската 2010/2011 кандидатот е ангажиран како волонтер на Факултетот за туризам и бизнис логистика и согласно со Договорот за волонтерска работа со Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, каде што успешно ги реализирал сите поставени задачи, покажувајќи солидни комуникациски

вештини и способност за организирање и реализирање на оперативните задачи на факултетот.

Од септември 2011 година кандидатот е избран за помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев", Штип.

Во 2014 година е избран за асистент-докторанд на Факултетот за туризам и бизнис логистика и покривал предмети од областа на туризмот и бизнис менаџментот.

Во јуни 2017 г. со Одлука бр. 2102-319/4 е избран за доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика во областите бизнис менаџмент и економика во туризмот и угостителството.

Во јануари 2022 година со Одлука бр. 2102-35/3 е избран за вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика во областите економика на туризмот и угостителството и бизнис менаџмент.

Кандидатот во овој период активно учествува во бројни обуки, работилници и конференции со желба да го усоврши своето знаење и вештини. Истовремено, тој е автор и коавтор на повеќе научни и стручни трудови што упатува на неговиот интерес и желба за научноистражувачка работа.

Од приложената документација на кандидатот се гледа дека истиот одлично го говори англискиот јазик и има компјутерски познавања од повеќе оперативни програми како Windows и Microsoft Office. Од 8.8.2014 година е член на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, како и активно учество во повеќе комисии при Факултетот.

**Општи услови за избор во звање вонреден професор:**

1. Просечен успех: додипломски студии 8,00 и на постдипломски студии 9,88;
2. Научен степен: доктор на економски науки. Докторската дисертација на тема „Меѓународните стандарди и нивната улога во развојот на услужниот сектор" е одбранета на 18.1.2017 година на Економски институт - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.
3. Објавени најмалку шест научни трудови во референтна научна публикација во последните пет години:

| Бр | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Filiposki, Oliver** and Metodijeski, Dejan and Cuculeski, Nikola | Digital nomads as contemporary form of business tourism | International Journal of Economics, Management and Tourism (IJEMT), 4 (2). pp. 19-29. ISSN 2671-3810 | 2024 |
| 2. | **Filiposki, Oliver** and Metodijeski, Dejan and Cuculeski, Nikola | Pastrmajlija as potential for development of gastronomy tourism. | Yearbook of Faculty of tourism and business logistics, 4 (1). pp. 49-55. ISSN 2671-3969 | 2024 |
| 3. | Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** and Todorovic, Emilija | Potentials for development of shopping tourism in Republic of North Macedonia | In: 13th International Conference "Ohrid-Vodici, 2025", 17-19 Jan 2025, Ohrid. ISBN 978-608-66817-4-6 | 2025 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** and Cuculeski, Nikola and Todorovic, Emilija | Basic aspects of youth travel and tourism – educational tourism | In: 12th International Conference "Ohrid-Vodici 2024", 17-19 Jan 2024, Ohrid. ISBN 978-608-66817-3-9 | 2024 |
| 5. | **Filiposki, Oliver** and Mitreva, Elizabeta | Методологијата за реактивно унапредување на деловните процеси во хотелскиот сектор | In: 6. Меѓународна научна конференција „Предизвиците на туризмот и бизнис логистиката во 21 век", 19.5.2023, Порта Македонија - Скопје. ISBN 978-608-244-977-7 | 2023 |
| 6. | Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** and Dzambazovska Zikova, Sanja | Aspects of medical tourism: analysis of spa offer in North Macedonia | In: Challenges of identity, cultural heritage, sustainable development or tourism related with new crises, 11th International Conference "Ohrid-Vodici, 2023", 18-19 Jan 2023, Ohrid. ISBN 978-608-66817-2-2 | 2023 |

4. Претходен избор во звање: Со Одлука бр. 2102-35/3 на 24.1.2022 година д-р Оливер Филипоски е избран за вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за наставно-научната област економика на туризам и угостителство и бизнис менаџмент.
5. Познавање од англиски јазик кое кандидатот го докажува со потврда за познавање на јазикот преку Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски јазик (Cambridge Certificate of Preliminary English) - (B1);
6. Способност за изведување на високообразовна дејност: Д-р Оливер Филипоски е вработен на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип од 2011 година, почнувајќи од асистент, асистент-докторанд, доцент и вонреден професор. Бил член на универзитетски и факултетски комисии.

**Посебни услови:**

1. Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници: Д-р Филипоски бил ментор на над 30 дипломски труда и бил 2 пати ментор на магистерски труд, претседател на Комисија за оценка и одбрана на магистерски труд, претседател на Комисија за одбрана на докторска дисертација и три пати член на комисија за одбрана на докторска дисертација. Член на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област економика во туризмот и угостителството и претседател на рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област туризам и угостителство (5.02.00.08) на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.
2. Учество во научноистражувачки проекти, во изборниот период д-р Оливер Филипоски има учествувано како обучувач, истражувач и елаборатор во поголем број на проекти: Application of content and method innovations in the teaching subject in the practice of using software for hotel and agency operations, Helvetas Swiss Intercooperation from Switzerland (HSI), for the needs of the project "Education for employment in North Macedonia, phase 2" (2023).

Истражување, креирање на содржини за обука и обука на наставници во средните стручни училишта во Република Северна Македонија; Изготвување на водич за рурален и екотуризам, Министерство за економија (2023). Проектот опфаќа теоретски и теренски истражувања на потенцијалите за развој на рурален и екотуризам и креирање на водич. Експерт од областа на туризмот за теоретските и теренските истражување; Cooperation in visual arts for promoting regional's cultural identity, Experts for development of virtual culture database and Four day workshop and Moderators for discussion forum. The Interreg IPA CBC programme, REF: CB006.2.23.070/04 (2022). Проектот се однесува за истражување и развој на информатичка база на културни знаменитости од регионот на Куманово и организација на работилница за заинтересирани страни од Македонија и Бугарија. Ангажиран за теренско истражување и креирање на базата, организација и модерирање на обуката и модерирање на форум на заинтересирани страни; Enhancing the tourism potential in Kyustendil and Kumanovo through a modern vision of the regions, Organization and expertise of a two-day tourist forum and a three-day info tour in the Kumanovo region. The Interreg IPA CBC programme, REF: CB006.2.22.128/04 (2022). Проектот се однесува на подобрување на туристичките потенцијали на Ќустендил и Куманово преку модерен пристап на регионот. Подготовка и истражување на туристичките потенцијалите на овие градови и подготовка на материјали за туристички форум во Куманово.

3. Рецензирана скрипта и практикум: Д-р Филипоски има издадено учебник по предметот Менаџмент на настани (достапни на е-репозиториум на УГД):

- **Filiposki, Oliver** (2023) Менаџмент на настани. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Штип. ISBN 978-608-277-014-7

4. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=77; (САОР)=150.5 или вкупно 267.5 поени. Согласно со Правилникот за избор во звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип и Законот за високо образование на Република Северна Македонија, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Оливер Филипоски ги исполнува општите и посебните услови за избор во звање редовен професор.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност:**

Кандидатот д-р Оливер Филипоски од септември 2011 г. работи како помлад асистент во научната област туризам и угостителство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“– Штип. Од 2014 година е избран за асистент-докторанд и изведува вежби на повеќе предмети, и тоа: Бизнис логистика, Осигурување од одговорност, Организациско однесување, Менаџмент на мали и средни бизниси, Претприемништво, Ресторански менаџмент, Интернационална гастрономија, Патнички агенции, Промотивни агенции, Пракса во хотелско-угостителки објект 1, Меѓународна трговија, Хотелиерство, Рурален (бањски) туризам, Царинска тарифа и царинска управна постапка, Проценка на надомест и штета, Сообраќај во туризмот и Основи на туризам. Од 2017 година до 2021 година е избран за доцент на ФТБЛ за наставно-научната област бизнис менаџмент и економика на туризам и угостителство.

1. Од 2022 година со Одлука бр. 2102-35/3 на 24.1.2022 година д-р **Оливер Филипоски** е избран за вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната област економика на туризам и угостителство и бизнис менаџмент.

Во изборниот период има изведувано настава на прв, втор и трет циклус на студии по предметите: прв циклус, на студиските програми Бизнис логистика и Бизнис администрација, предметите: Управување со ризици, Осигурување и Финансиски пазари и на студиските програми Туризам и угостителство и Хотелско-ресторански менаџмент, предметите: Безбедност во туризмот и угостителството, Осигурување и Менаџмент на настани; и втор циклус, на студиската програма Бизнис администрација и Бизнис логистика предметите: Бизнис осигурување и Современи трендови во управување со ризиците, на студиската програма Меѓународен туризам предметите: Управување со ризици и безбедност во туризмот и Менаџмент на настани.

Под менторство на д-р Филипоски биле над 30 дипломски труда и бил 2 пати ментор на магистерски труд и член на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд, претседател на Комисија за одбрана на докторска дисертација и три пати член на комисија за одбрана на докторска дисертација.

Два пати член на рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област економика во туризам и угостителство и туризам и угостителство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Неговиот интерес е од областа на економските аспекти во туризмот, угостителството, хотелскиот менаџмент, бизнис логистиката и бизнис администрација.

Во изборниот период, кандидатот д-р Оливер Филипоски е самостоен автор и коавтор на голем број научни трудови објавени во меѓународни научни списанија, трудови објавени во зборници на трудови на научни собири, учесник/координатор во повеќе научно-истражувачки проекти од национален и меѓународен карактер, и предавач и обучувач по покана.

Во време на изборниот период, кандидатот д-р Оливер Филипоски има публикувано следните монографии, научни книги, учебници и поглавја од глави во земјата и странство, кои имаат научноистражувачка, но и стручно-апликативна примена.

2. **Filiposki, Oliver** (2023) Менаџмент на настани. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Штип. ISBN 978-608-277-014-7, https://eprints.ugd.edu.mk/32622/, https://e-lib.ugd.edu.mk/1159.

Кандидатот во последните пет години ги има објавено следниве научни и стручни трудови во меѓународни списанија и меѓународни научни публикации во кои имаат научноистражувачка примена и тоа:

3. **Filiposki, Oliver** and Metodijeski, Dejan and Cuculeski, Nikola (2024) Digital nomads as contemporary form of business tourism. International Journal of Economics, Management and Tourism (IJEMT), 4 (2). pp. 19-29. ISSN 2671-3810, https://eprints.ugd.edu.mk/35326/

Деловен туризам е термин што се користи за да се опишат сите патувања што произлегуваат директно од работните обврски или индиректно од извршувањето на активности поврзани со работата. Ова вклучува активности поврзани со секојдневните работни обврски, но исто така и патувања за корпоративни или организациски состаноци, конвенции и

конгреси. Дигитален номад е термин што се користи за да се опишат луѓе кои користат телекомуникациски технологии во својата работа и живеат номадски живот. Дигиталните номади работат од различни земји, во различни просторни услови како што се кафулиња, библиотеки, рекреативни возила итн. Предмет на овој труд се дигиталните номади како современа форма на деловен туризам. Трудот претставува преглед на истражувањата што се однесуваат на дигиталните номади и деловниот туризам. За потребите на трудот, користена е методологија на истражување и секундарни извори на податоци преку консултирање литература, студии, статистички податоци и официјални веб-страници на институции што се однесуваат на дигиталните номади и деловните патувања. Направена е анализа и преглед на различни видови номади и дестинации што нудат виза за дигитални номади во избрани медитерански земји, врз основа на систематска евалуација на моменталната содржина на релевантната литература користејќи методологија на анализа на содржина.

4. **Filiposki, Oliver** and Metodijeski, Dejan and Cuculeski, Nikola (2024) Pastrmajlija as potential for development of gastronomy tourism. Yearbook of Faculty of tourism and business logistics, 4 (1). pp. 49-55. ISSN 2671-3969, https://eprints.ugd.edu.mk/35327/

Гастрономскиот туризам опфаќа широк спектар на активности поврзани со храната и претставува важен сегмент од целокупното туристичко искуство или како мотивација за патување. Вклучува различни активности како што се: консумирање на специфична и традиционална кујна, кулинарски натпревари, настани поврзани со храна и пијалаци, локални пазари, производители на храна, вклучување на туристите во набљудување или подготовка на јадења, кулинарски школи, гастрономски патеки, ресторани посветени на локалното население и туристите, гастрономска анимација итн. Предмет на овој труд е гастрономскиот туризам виден низ призмата на пастрмајлијата. За потребите на трудот, користена е методологија на истражување и секундарни извори на податоци преку консултирање на релевантна литература поврзана со гастрономскиот туризам, како и интернет. Направена е анализа и табеларен преглед на штипската пастрмајлија, како и на пастрмајлијата подготвена во други градови во земјата. Врз основа на систематска евалуација на содржината и активностите, анализирани се манифестациите поврзани со пастрмајлијата во земјата.

Трудови објавени во зборници на трудови на научни собири (домашни и странски) и годишен зборник во последните пет години:

5. Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** and Andreeva, Jasmina and Todorovic, Emilija (2026) Opportunities for development of camping tourism in North Macedonia. In: International scientific and practical conference “Bulgaria of regions’2026”, 20 Feb 2026, Plovdiv, Bulgaria. https://eprints.ugd.edu.mk/38461/

Камповите имаат значајно место во човечката историја, служејќи како привремени населби, рекреативни одморалишта, образовни центри и места за поврзување на заедницата. Кампувачкиот туризам е форма на туризам што опфаќа активности поврзани со туристите што престојуваат во кампови. Предмет на овој труд е анализа на можностите за развој на кампувачки туризам во Северна Македонија. Трудот претставува преглед на релевантна литература за кампувачкиот туризам и понудата на кампувачки туризам во земјата. За

потребите на трудот, користена е методологија на истражување и секундарни извори на податоци преку консултирање на релевантна литература, студии и официјални статистички податоци за кампувачкиот туризам во Северна Македонија. Направена е анализа и преглед на кампувачкиот туризам во земјата, врз основа на систематска евалуација на моменталната понуда на кампувачки туризам користејќи методологија на анализа на содржина. Анализата на податоците поврзани со камповите и кампувачкиот туризам во земјата е претставена во табеларна и описна форма во истражувањето. Истражувањето за овој труд покажа дека, покрај камповите лоцирани во регионот на Охридското Езеро, капацитетот и потенцијалите за развој на кампувачки туризам во остатокот од земјата се недоволно искористени.

6. Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** and Todorovic, Emilija (2025) Potentials for development of shopping tourism in Republic of North Macedonia. In: 13th International Conference "Ohrid-Vodici, 2025", 17-19 Jan 2025, Ohrid. https://eprints.ugd.edu.mk/37252/

Шопингот е чин на купување стоки, а мотивите за купување можат да бидат задоволство, забава, намалени цени, барање брендови, користење на слободно време или културни мотиви. Шопинг туризмот е патување надвор од постојаното место на живеење со цел купување. Релевантната литература за туризмот прави разлика помеѓу два значајни сегменти поврзани со купувањето и туризмот, имено: туристичко купување (шопинг што туристите го прават за време на патувањето) и шопинг туризам во класична смисла на зборот (патување мотивирано од потребата за купување). Целта на трудот е да ги опфати основните аспекти на шопинг туризмот преку дефинирање на овој вид туризам и анализа на побарувачката за шопинг туризам. За потребите на трудот е користена методологија на истражување од секундарни извори на податоци поврзани со потенцијалот за шопинг туризам во Северна Македонија. Анализата на податоци поврзана со трговски центри, бесплатни продавници, сувенири, чаршии, супермаркети и пазари во земјата е претставена во табеларна и описна форма во истражувањето.

7. Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** and Cuculeski, Nikola and Todorovic, Emilija (2024) Basic aspects of youth travel and tourism – educational tourism. In: 12th International Conference "Ohrid-Vodici 2024", 17-19 Jan 2024, Ohrid. https://eprints.ugd.edu.mk/35425/

Младинскиот туризам е форма на туризам во која учествуваат млади луѓе. Тоа е вид туризам со категории туристи кои, поради нивната возраст, имаат посебни и различни преференции и потреби од другите возрасни групи, од кои произлегуваат соодветни активности и капацитети што туризмот ги нуди за нив. Во младинскиот туризам постојат специјализирани туристички посредници (тур-оператори и туристички агенции) и организации (младински и слични здруженија) кои се занимаваат само со организирање на младински туризам. Младинскиот туризам се однесува на сите самостојни патувања за периоди пократки од една година од страна на млади луѓе кои се мотивирани, делумно или целосно, од желбата да учат за други култури, да создаваат животни искуства или да учествуваат во формални или неформални можности за учење надвор од вообичаеното место на живеење. Мотивирани од различни мотиви (забава, запознавање нови култури, образование, авантура итн.), младите луѓе одат на патувања за да ги прошират своите хоризонти и да ги

остварат своите цели, сè со цел да ги задоволат своите потреби и желби. За потребите на овој труд, користена е методологија и анализирана е соодветна и релевантна литература од областа на младинскиот туризам. Целта на трудот е да ги опфати основните аспекти на младинскиот туризам преку дефинирање на овој вид туризам и анализа на побарувачката за младински туризам. Посебен осврт се става на образовниот туризам, кој се јавува поради растечкиот тренд на стекнување нови знаења, но и пренесување на знаењето на другите, како и подобрување на способностите и компетенциите надвор од училницата. Во образовниот туризам, фокусот е на запознавање на културата, односно на запознавање на нови знаења, како и на работа и примена на знаењето стекнато во училницата. Според тоа, образовниот туризам опфаќа туристички активности преземени за време на патувањето каде што учењето или образованието е примарен или секундарен мотив за туристите.

8. Cuculeski, Nikola and Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** (2024) Coffee culture and coffee tourism. In: 12th International Conference "Ohrid-Vodici 2024", 17-19 Jan 2024, Ohrid. https://eprints.ugd.edu.mk/35424/

Патувањата поврзани со храна и пијалаци се појавија како важен и растечки сектор на туризмот во последните неколку децении. Како дел од овој тренд, голем број автори истражуваат и систематизираат литература за туризмот со пијалаци, вклучувајќи студии за вински туризам, туризам на пиво, туризам на виски, чај и кафе. Туризмот со кафе може да се дефинира како патување надвор од постојано место на живеење поврзано со кафето, кое вклучува сегменти од историјата, обичаите, производите и културата на дестинацијата. Туризмот со кафе го збогатува искуството на туристите за време на патувањето со посета на кафулиња, набљудување на процесите на одгледување и производство на кафе, дегустација на кафе, купување кафе и други интерактивни активности. Туризмот со кафе е форма на туризам што им нуди можности на туристите да се вклучат во различни искуства со кафе и аспекти на културата на кафе во дестинации кои имаат природни или културни вредности поврзани со кафето. Целта на овој труд е да се разгледа културата на кафе и туризмот со кафе. За таа цел, беше направена анализа на постојната литература поврзана со туризмот со кафе. Примарна атракција за туризмот со кафе се плантажите со кафе со нивните околни пејзажи. Во овој труд се опфатени и историски кафулиња и современи кафетерии, музеи за кафе и тематски паркови за кафе, како и специјални настани и фестивали со тематика на кафе.

9. Todorovic, Emilija and Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** (2024) Modification and Valorization of Cultural Heritage in the Function of Tourism Development. In: International Congress on Tourism, Culture and Economy (ITEC'24), 08-10 May 2024, Skopje. https://eprints.ugd.edu.mk/34846/

Градот Скопје е дестинација што ја посетуваат речиси една третина од вкупниот број туристи што доаѓаат во земјата годишно, има богато културно наследство кое привлекува сè поголем број туристи секој ден. Во интерес на планирањето на одржливиот развој на културниот туризам во градот, од големо значење е правилно да се модифицира и валоризира културното наследство, проценувајќи ја нивната вредност од туристичка перспектива. Предметот на модификација и валоризација треба да ги опфати сите материјални и нематеријални културни добра на градот, со цел хиерархиски

да се приоритизираат врз основа на нивната вредност, што ќе даде насоки во стратешкото планирање на развојот на културниот туризам. Ова ќе утврди кои од нив се водечки во целокупниот културен туристички производ на градот, а во кои треба да се инвестира прво. Со оглед на тоа што туристичката валоризација на целото културно наследство на Скопје е сложен и долгорочен процес, овој труд ја вклучува валоризацијата на културно-историскиот комплекс што ги опфаќа Скопската тврдина, Старата чаршија и Камениот мост. Тврдината се наоѓа на истоимениот рид, во самиот центар на Скопје, на левиот брег на реката Вардар и делумно во западниот дел од чаршијата. Според постојните сознанија, просторот каде што се наоѓа сегашната тврдина бил населен уште од праисторијата, околу 4-тиот до 3-тиот милениум пр.н.е. Старата скопска чаршија претставува спој на старото и новото, културата и традицијата. Таа зачувува бројни функционални објекти од османлискиот период, а се градат и нови објекти како карактеристика на модерното време. Камениот мост ја поврзува Старата чаршија со плоштадот „Македонија“. Тој го симболизира градот Скопје и е прикажан како составен елемент од неговиот грб. За таа цел, беа спроведени и канцелариски и теренски истражувања, а туристичката валоризација беше извршена со квалитативно-квантитативен метод кој беше модифициран и приспособен на предметот на валоризација. Во овој процес, туристичката валоризација се врши според три групи индикатори: индикатори кои го одредуваат културното и туристичкото значење на културниот имот и секторот за управување со културниот имот. Целокупната проценка на сите индикатори на крајот го одредува нивото на потенцијал на културниот имот во однос на развојот на туризмот.

10. Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** and Andreeva, Jasmina and Todorovic, Emilija (2024) Representation of tourism in local economic development programs - Review of municipalities from the cross-border region in North Macedonia. In: International scientific and practical conference Bulgaria of regions'2024, 21-22 Nov 2024, Plovdiv, Bulgaria. https://eprints.ugd.edu.mk/36923/

Предмет на овој труд е застапеноста на туризмот во програмите за локален економски развој, што ќе се дискутира преку преглед на општините од прекуграничниот регион во Северна Македонија. Регионалниот туристички развој ќе биде претставен преку табели што опфаќаат основни туристички податоци за Источниот, Југоисточниот и Североисточниот регион, регионалните развојни програми и програмите за локален економски развој. Преку анализа на стратешките цели, ќе се идентификуваат разликите во регионалниот туристички развој во прекуграничните региони на Северна Македонија. За потребите на трудот, користена е методологија на истражување и секундарни извори на податоци преку консултирање на релевантна литература, интернет и развојни програми што се однесуваат на туризмот. Заклучните забелешки на трудот се однесуваат на систематска евалуација на содржината на документите, целите, приоритетите и мерките поврзани со туризмот во регионалните и локалните развојни програми во Северна Македонија.

11. **Filiposki, Oliver** and Mitreva, Elizabeta (2023) Методологијата за реактивно унапредување на деловните процеси во хотелскиот сектор. In: 6. Меѓународна научна конференција „Предизвиците на туризмот и бизнис логистиката во 21 век“, 19.05.2023, Порта Македонија - Скопје. https://eprints.ugd.edu.mk/32038/

Во овој труд фокусот е ставен на анализа на клучните претпоставки поврзани со начинот на кој треба да се планираат, организираат, воспостават и контролираат активностите во деловните процеси, како и континуираното подобрување на квалитетот во хотелската индустрија. Овие претпоставки се поврзани со: постојаното следење на барањата на модерните туристи, почитување на принципите и стандардите за квалитет, воспоставување функционални организации на бизнисот, постоење на неопходни ресурси (човечки, финансиски и материјални), вклучување на туристите и други субјекти во процесот на создавање и испорака на хотелските услуги и примена на современи технолошки системи во хотелската работа. Целта е да се обезбеди производ (услуга) кој со својот квалитет ќе ги задоволи или надмине очекувањата на неговите корисници. Целосната одговорност во сите овие активности е во управувачките структури на хотелите.

12. Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** and Dzambazovska Zikova, Sanja (2023) Aspects of medical tourism: analysis of spa offer in North Macedonia. In: Challenges of identity, cultural heritage, sustainable development or tourism related with new crises, 11th International Conference "Ohrid-Vodici, 2023", 18-19 Jan 2023, Ohrid. https://eprints.ugd.edu.mk/33234/

Бањскиот туризам е специфичен вид медицински туризам кој е во постојан раст и претставува значаен дел од туристичката понуда на многу земји ширум светот, повеќето од нив земји со традиција на користење на термални води. Богатата традиција на користење на бањи за лековити цели во Северна Македонија започнува уште во античко време, а денес има осум бањски центри лоцирани во петте плански региони. За потребите на трудот, користена е методологија на истражување и секундарни извори на податоци преку консултации со литература, студии, статистички податоци и официјални веб-страници на бањските центри во Северна Македонија. Направена е анализа и преглед на бањскиот туризам во Северна Македонија, врз основа на систематска евалуација на моменталната содржина на понудата на бањски туризам користејќи методологија на анализа на содржина. Во трудот се анализирани осум бањски центри, а покрај термалната вода, во истражувањето се опфатени и други аспекти на бањскиот туризам како што се угостителски услуги, сместување и медицински објекти. Презентацијата на податоците во табели и анализа покажа дека, покрај трите бањски центри, капацитетот на термалната вода за развој на бањскиот туризам во останатиот дел од земјата е недоволно искористен.

13. Todorovic, Emilija and Andreeva, Jasmina and Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** (2023) Tourist valorization of the fortresses in the border regions of North Macedonia. In: Proceedings of the International Scientific and Practical Conference Bulgaria of regions'2023, 26-27 Oct 2023, Plovdiv, Bulgaria. https://eprints.ugd.edu.mk/34608/

Културното наследство претставува основа за развој на културниот туризам и туризмот воопшто, придонесува за атрактивноста и препознатливоста на дестинацијата и претставува мотив за посета. Овој труд е фокусиран на поврзаноста помеѓу културното наследство и туризмот, со акцент на тврдините како дел од тоа наследство, при што е даден пример за туристичка валоризација на тврдините во пограничните региони на Северна Македонија. Валоризацијата има за цел да ја разбере моменталната состојба и

потенцијалот за формирање квалитетен автентичен туристички производ кој успешно ќе се промовира на пазарот. Северна Македонија изобилува со голем број тврдини кои датираат од античко време, а секоја од нив има своја историја и културно значење. За потребите на трудот се спроведени канцелариски и теренски истражувања, при што се применети различни методи и техники на собирање податоци. Туристичката валоризација на тврдините е направена според квантитативно-квалитативен метод кој е модифициран и составен од индикатори кои даваат јасна и објективна слика за моменталната состојба на тврдините како потенцијален културен туристички производ. Притоа, се детектираат слабостите во управувањето со тврдините и се даваат насоки за идни инвестициски зафати. Добиените резултати можат да се искористат за креирање краткорочни и долгорочни планови за иден развој на туризмот. Сето ова ќе помогне во креирање туристички производ кој ќе биде привлечен за туристите и ќе придонесе за збогатување на туристичката понуда во пограничните региони на земјата, градење на прекугранична соработка и локален економски развој.

14. Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** and Todorovic, Emilija and Cocoroski, Toso (2022) Regional strategies for tourism development in North Macedonia. In: 10th International Conference "Ohrid – Vodici" 2022, 18-19 Jan 2022, Ohrid. https://eprints.ugd.edu.mk/30879/

Предмет на овој труд е регионалниот развој на туризмот, кој ќе биде разгледан преку дистрибуција на програмите за туризам и регионален развој во Северна Македонија. Регионалниот развој на туризмот ќе биде претставен преку табели што опфаќаат основни регионални податоци за осумте статистички региони, програмите за регионален развој, пристигнувањата на туристи и ноќевањата. Преку анализата, ќе се идентификуваат разликите во развојот на регионалниот туризам во регионите на Северна Македонија. За потребите на трудот, користена е методологија на истражување и секундарни извори на податоци преку консултирање на релевантна литература и статистика поврзана со туризмот и програмите за регионален развој. Заклучните забелешки на трудот се однесуваат на структурата, минатите проблеми и идните предизвици на развојот на регионалниот туризам во Северна Македонија.

15. Metodijeski, Dejan and Dzambazovski, Kristijan and **Filiposki, Oliver** and Cocoroski, Toso (2022) The effects of Covid-19 pandemic upon tourism: The case of tourism policy in North Macedonia. In: 9th International Conference „Ohrid-Vodici 2021", 17-19 January, Ohrid. https://eprints.ugd.edu.mk/29284/

Туризмот е еден од најголемите и најбрзо растечките сектори во светската економија, а воедно и еден од секторите најпогодени од пандемијата COVID-19 на сите континенти. Сите делови од вредносниот синџир на туризмот се погодени од пандемијата. Предмет на овој труд е анализа на ефектите од пандемијата COVID-19 врз туризмот во Северна Македонија. Трудот презентира основни податоци за дистрибуцијата на туризмот во 2020 година во земјата и во странство. Во текстот се презентирани табели што ја прикажуваат светската туристичка статистика и националната туристичка и угостителска статистика. За потребите на трудот, користена е методологија на истражување и секундарни извори на податоци со консултирање на релевантна литература за туристичките кризи. Исто така, преземените

официјални владини мерки се користат за собирање податоци и анализа на економското влијание на пандемијата COVID-19 врз туристичкиот сектор во Република Северна Македонија. Заклучните согледувања се однесуваат на перспективите и насоките за идната политика за развој на туризмот, одговорите и закрепнувањето во земјата и обновата на туризмот во светот по COVID-19.

Во својата научноистражувачка активност, д-р Филипоски е учесник на следните научни проекти:

16. Enhancing the tourism potential in Kyustendil and Kumanovo through a modern vision of the regions, Organization and expertise of a two-day tourist forum and a three-day info tour in the Kumanovo region. The Interreg IPA CBC programme, REF: CB006.2.22.128/04 (2023)

17. Cooperation in visual arts for promoting regional's cultural identity, Experts for development of virtual culture database and Four day workshop and Moderators for discussion forum. The Interreg IPA CBC programme, REF: CB006.2.23.070/04 (2023)

Во својата научноистражувачка активност д-р Оливер Филипоски учествува во организациски тела на меѓународни и национални конференции.

18. International scientific and practical conference "Bulgaria of regions'2026", 20 Feb 2026, Plovdiv, Bulgaria

19. 6th International Scientific and Professional Conference Challenges of Today, 05-07 Oct. 2023, Sibenik, Croatia

20. 7th International Scientific and Professional Conference Challenges of Today, 11-13 Sep. 2025, Sibenik, Croatia

21. 8th International Scientific Conference „Challenges of tourism and business logistics in the 21st century" - ISCTBL 2025. Одлука бр. 2102-214/3 од 5.12.2025 г.

22. 7th International Scientific Conference „Challenges of tourism and business logistics in the 21st century" - ISCTBL 2024. Одлука бр. 2102-70/5 од 18.3.2024 г.

23. 6th International Scientific Conference „Challenges of tourism and business logistics in the 21st century" - ISCTBL 2023. Одлука бр. 2102-86/3 од 19.4.2023 г.

24. 5th International Scientific Conference „Challenges of tourism and business logistics in the 21st century" - ISCTBL 2022. Одлука бр. 2102-65/14 од 10.3.2022 г.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност:**

Монографии, стручни книги и поглавја во книга објавени во земјата и странство:

25. Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** and Todorovic, Emilija and Dzambazovski, Kristijan and Cuculeski, Nikola and Micevski, Mladen (2025) Регионални карактеристики на туристичката политика во светот. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-25-2, https://eprints.ugd.edu.mk/36409/

26. Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** and Todorovic, Emilija and Dzambazovski, Kristijan and Cuculeski, Nikola and Micevski, Mladen (2025) Стратешки развој на туризмот и угостителството во Северна Македонија. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-24-5, https://eprints.ugd.edu.mk/36410/

27. Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** and Todorovic, Emilija and Dzambazovski, Kristijan and Cuculeski, Nikola and Micevski, Mladen (2025) Прекумерен туризам. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-26-9, https://eprints.ugd.edu.mk/36408/

28. Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** and Todorovic, Emilija and Dzambazovski, Kristijan and Timovski, Riste and Cuculeski, Nikola and Micevski, Mladen (2024) Кампинг туризам. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-21-4, https://eprints.ugd.edu.mk/35098/

29. Todorovic, Emilija and **Filiposki, Oliver** and Metodijeski, Dejan (2024) Културен туризам: Аспекти на Европските престолнини на културата. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-22-1, https://eprints.ugd.edu.mk/35099/

30. Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** and Todorovic, Emilija and Dzambazovski, Kristijan and Timovski, Riste and Cuculeski, Nikola and Micevski, Mladen (2024) Шопинг туризам. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-23-8, https://eprints.ugd.edu.mk/35100/

31. Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** and Todorovic, Emilija and Kitanov, Vladimir and Angelkova, Tanja and Sazdova, Julijana and Micevski, Mladen (2023) Младинските патувања и туризмот. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-17-7, https://eprints.ugd.edu.mk/32387/

32. Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** and Taleska, Milena and Todorovic, Emilija and Angelkova, Tanja and Kitanov, Vladimir and Sazdova, Julijana (2023) Туризмот во урбаните средини. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-19-1, https://eprints.ugd.edu.mk/32388/

33. Ilievska, Nadica and Todorovic, Emilija and Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** (2023) Основни концепти на туризмот. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-18-4, https://eprints.ugd.edu.mk/32389/

34. Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** and Dzambazovski, Kristijan and Todorovic, Emilija and Taleska, Milena and Dimovski, Cedomir and Cuculeski, Nikola and Micevski, Mladen (2022) Давање услуги на туристи во приватни сместувачки капацитети. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-13-9, https://eprints.ugd.edu.mk/29645/

35. Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** and Todorovic, Emilija and Taleska, Milena and Dzambazovski, Kristijan and Cuculeski, Nikola (2022) Деловен туризам. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-14-6, https://eprints.ugd.edu.mk/29646/

36. Metodijeski, Dejan and **Filiposki, Oliver** and Todorovic, Emilija and Taleska, Milena and Dzambazovski, Kristijan and Cuculeski, Nikola and Dimovski, Cedomir and Micevski, Mladen (2022) Современи трендови во туризмот и одржливиот развој. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-12-2, https://eprints.ugd.edu.mk/29647/

37. Metodijeski, Dejan and Andreeva, Jasmina and **Filiposki, Oliver** and Dzambazovski, Kristijan and Taleska, Milena and Todorovic, Emilija (2022) Туристичко право и политика во Бугарија и Северна Македонија. Туристика, Скопје. ISBN 978-608-4872-15-3, https://eprints.ugd.edu.mk/29648/

За време на изборниот период, кандидатот д-р Филипоски учествува во стручно-апликативни проекти национални и меѓународни, како и во изработката на студии прирачници и водичи од областа на туризмот и тоа:

38. Прирачник за еко-туристичко водење со предлог еко патеки за регионите во земјата. Програма за инвестирање во животната средина за 2025 година. Министерството за животна средина и просторно планирање (2025).

39. Прирачник за екотуризам. Програма за инвестирање во животната средина за 2024 година. Министерството за животна средина и просторно планирање (2024).

40. Студија за квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот во секторот туризам и угостителство. Програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2024 година. Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците (2024).

41. Application of content and method innovations in the teaching subject in the practice of using software for hotel and agency operations, Helvetas Swiss Intercooperation from Switzerland (HSI), for the needs of the project "Education for employment in North Macedonia, phase 2" (2023)

42. зготвување на водич за рурален и еко туризам, Министерство за економија (2023).

43. „Light from the past", The Interreg IPA CBC programme (2022).

Во изборниот период, кандидатот д-р Филипоски е член на повеќе уредувачки одбори во списанијата/ конференции:

44. Годишен зборник на Факултет за туризам и бизнис логистика (Yearbook – Faculty of Tourism and Business Logistics) 5(1). Одлука бр. 2102-35/12 од 03.02.2026

45. Годишен зборник на Факултет за туризам и бизнис логистика (Yearbook – Faculty of Tourism and Business Logistics) 3(1). Одлука бр. 2102-86/5 од 19.4.2023 г.

46. Годишен зборник на Факултет за туризам и бизнис логистика (Yearbook – Faculty of Tourism and Business Logistics 2(1). Одлука бр. 2102-65/15 од 10.3.2022 г.

Во изборниот период, кандидатот д-р Филипоски е член на повеќе факултетски органи и комисии, и тоа:

47. Член во Наставно-научен совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (2022-2026).

48. Член на рецензентска комисија за издавање на учебник под наслов „Економика" од проф. д-р Билјана Петревска (Одлука бр. 2102-155/4 од 18.7.2022 год.).

49. Член на Рецензентска комисија за издавање на е-практикум под наслов „Дигитални трендови во хотелиерството-практикум" од доц. д-р Цветанка Ристова Магловска (Одлука бр. 2102-89/6 од 6.4.2022 год.).

50. Член на Рецензентска комисија за издавање на е-скрипта под наслов „Дигитални трендови во хотелиерството-практикум" од доц. д-р Цветанка Ристова Магловска (Одлука бр. 2102-89/7 од 6.4.2022 год.).

51. Член на Рецензентска комисија за издавање на е-учебник под наслов „Основи на менаџмент" од проф. д-р Елизабета Митрева (Одлука бр. 2102-34/4 од 25.1.2023 год.).

52. Член на Рецензентска комисија за издавање на е-учебник под наслов „Дизајнирање на деловни процеси" од проф. д-р Елизабета Митрева (Одлука бр. 2102-35/6 од 24.1.2022 год.).

53. Претседател на Комисија за оценка и јавна одбрана на докторски труд со наслов „Спортско-рекреативните активности и манифестации во контекст на креирање на сатисфакција на туристите и избор на туристичка дестинација на примерот на Попова Шапка", од кандидатот м-р Илија Заковски (Одлука бр. 0206-459/2 од 1.7.2022).

54. Член на Комисија за оценка и јавна одбрана на докторски труд со наслов „Културното наследство функција на одржливиот развој на туризмот во Полошкиот регион", од кандидатот м-р Агим Асани (Одлука бр. 0206-1160/5 од 1.12.2023).

55. Член на Комисија за оценка и јавна одбрана на докторски труд со наслов „Унапредување на деловните процеси во хотелиерството во Република Северна Македонија", од кандидатот м-р Џеват Кицара (Одлука бр. 0206-793/2 од 28.10.2024).

56. Член на Комисија за оценка и јавна одбрана на докторски труд со наслов „Туристичките потреби и бенефити од СПА услугите на бањите во Република Северна Македонија", од кандидатот м-р Евгенија Марковска (Одлука бр. 0206-182/5 од 24.2.2025).

57. Претседател на Рецензентска комисија за оценка и одбрана на магистерски труд под наслов „Потенцијали за развој на алтернативни форми на туризам во Скопска Црна Гора" на кандидат Марија Нешковиќ (Одлука бр. 2102-86/15 од 19.4.2023).

58. Член на Рецензентска комисија за оценка и одбрана на магистерски труд под наслов „Магацинско работење и нови трендови на складишни процеси" на кандидат Емилија Божиновска (Одлука бр. 2102-100/6 од 15.5.2023).

59. Член на Рецензентска комисија за оценка и одбрана на магистерски труд под наслов „Внатрешна ревизија како контролна функција на управувањето со ризиците во финансиските институции" на кандидатката Ангела Костадиновска (Одлука бр. 2102-58/4 од 23.4.2023).

60. Член на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област економика на туризам и угостителство (50318) за кандидатот д-р Владимир Китанов (Одлука бр. 2102-117/6 од 26.6.2023).

61. Член на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област туризам и угостителство (5.02.00.08) за кандидатот д-р Цветанка Ристова-Магловска (Одлука бр. 2102-177/5 од 4.12.2025).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која і беше доставена и констатира дека единствен пријавен кандидат е д-р Оливер Филипоски, вонреден професор.

По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Оливер Филипоски во целост ги исполнува условите предвидени со законските прописи за избор во звање редовен професор. Кандидатот д-р Филипоски има континуирано научно напредување и извонредни научноистражувачки резултати во доменот на економија во туризмот и угостителството. Тој активно публикува научни трудови со оригинални резултати во референтни меѓународни научни списанија и собири. Воедно, кандидатот успешно одржува настава на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип на прв и втор циклус, и е учесник во научноистражувачки проекти од областите на интерес.

Оттука, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа д-р Оливер Филипоски има значителен придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност и ги има освоено потребните бодови, согласно критериумите за бодување.

Согласно со претходно изнесеното, а во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Рецензентската комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, кандидатот д-р Оливер Филипоски да го избере во звањето редовен професор за наставно-научната област туризам и угостителство на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и Одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Тања Ангелкова Петкова, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев"-Штип, претседател, с.р.

Проф. д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, член. с.р.

Проф. д-р Милена Талеска, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ НА Д-Р ОЛИВЕР ФИЛИПОСКИ (2022-2026)

| Ред. бр. | **Наставно-образовна дејност** | Поени |
|---|---|---|
| 4. | Избран во звање вонреден професор | 40 |
| | **ВКУПНО** | **40** |

| Ред. бр. | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Монографија или научна книга во земјата (Реф. 1) | 1 | 10 | / | / | 10 |
| 4. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (Реф. 2-3) | 2x9 | | | | 18 |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (Реф. 4-15) | 9 | 2 | 3 | 3 | 27 |
| 14. | Учесник на научен проект (максимум во три проекти) во странство (Реф. 16-17) | / | / | 2 | 6 | 12 |
| 20. | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал (Реф.18-24) | 4 | 1 | 3 | 2 | 10 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **77** |

| Ред. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 4. | Стручна монографија (Реф. 25-37) | 13 | 8 | / | / | 104 |
| 10. | Член на уредувачки одбор на стручно списание (Реф. 44-46) | 3 | 0.5 | / | / | 1,5 |
| 13. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) (Реф. 38-43) | 3 | 5 | / | / | 15 |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија (Реф. 47-61) | 15 | 2 | / | / | 30 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **150,5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **267,5** |